***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија,доколку сте посветени, лојални, креативни, насочени кон постигнување резултати  и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Помлад асистент за квалитет во Сектор за квалитет**
Избраниот кандидат ќе биде задолжен за: сумирање и анализа на податоците преку дневни, месечни и годишни извештаи, правилно земање и подготовка на примероци, хемиски и физичко-механички анализи и нивно регистрирање, правилно работење со инструментите како и грижа за работните услови во лабораториите каде што се извршуваат анализите. Ги следи  инструкциите, упатствата и процедурите за контрола на кавлитетот, ракување со опремата, разввиање и анализа на статистичките податоци. Работното време се одвива во три смени.
Нето платата за работното место е од 20.000 до 25.000 денари. На ова работно место следуваат и додатоци за ноќна, празнична и прекувремена работа, како и годишен бонус во износ до 1 (една) плата.

**Квалификации на кандидатот:**
- ССС/IV степен стручна подготовка
- Без работно искуство (претходно работно искуство ќе се смета за предност)
- Одлично познавање на MS Office пакетот
- Познавање на англиски јазик ќе се смета за предност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо
2. Биографија (CV)
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на Цементарница УСЈЕ http://www.usje.com.mk, на mail: hr@usje.mk, да се достави CV во архива во просториите на Цементарница УСЈЕ или да се пријават на тел. 2786 118**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.